**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Дваесет и деветтата седница**
**на Собранието на Република Македонија одржана на**
**16 јули 2003 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Неждет Мустафа, Есад Рахиќ, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Рафет Муминовиќ, Трифун Костовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со гласање по Информацијата за состојбите во АД Електростопанство на Македонија и селективна примена на правото во процесот на реформите со отпуштање на вработените.

Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Коце Трајановски и координаторот на пратеничката група на ЛП Стојан Андов, поднесоа предлог заклучоци кои се поделени.

Предлог заклучоците поднесени од координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Коце Трајановски, и Координаторот на пратеничката група на ЛП Стојан Андов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Се наоѓаме пред едно големо искушение и сакам да кажам дека ние како пратеничка група на ВРМО-ДПМНЕ ќе ги поддржиме овие заклучоци, значи ќе гласаме за нивно усвојување, бидејќи нудат еден хуман и човечки пристап во решавањето на проблемот со превработеноста во ЕСМ, а нормално понатаму и во другите јавни претпријатија, а тоа е мораториум на нови вработувања во следните четири години и докуп на стаж на сите оние вработени кои што се пред пензија од 3 до 5 години.

Ве повикувам, сите пратеници, особено од позицијата да ги поддржите овие заклучоци и на работниците кои што се моментално пред Собранието, кои што ја бараат нашата милост да им дадеме надеж за едно нормално живеење, да не создадеме една армија од невработење и да го спречиме одливот на стручните кадри надвор од Република Македонија.

Значи уште еднаш сакам да Ве повикам да ги надминетеј партиските рамки и да гласате по свое лично убедување, бидејќи сакам да ве потсетам дека на 15 септември Вие им ветивте на луѓето, на граѓаните на Репубилка Македонија дека ќе вработите по еден од секое семејство, меѓутоа во моментот се случува нешто сосема обратно, значи процесот на отпуштање.

Уште еднаш би ве замолил доколку сакате, доколку можете би требало да ги прифатите овие заклучоци.

РАФИЗ АЛИТИ:

Почитувани пратеници, почитуван претседател на Собранието

Парламентарната група на ДУИ откако ги аналилзираше понудените заклужоци од координаторите на парламентарните групи на ВРМО-ДПМНЕ и ЛП, по направените анализи, ние како парламентарна група дојдовме до заклучок дека со заклучокот број 2 се бара да се објави мораториум четиригодишен, што значи во четирите наредниgодини да нема нови вработувања во акционерското друштво на ЕСМ.

Наша оценка е дека заклучокот број 2, го суспендира Охридскиот договор и амандманот број 6 од Уставот на Репбулика Македонија за правична и соодветна застапеност на граѓаните, конкретно на етничките заедници и поради гореспомнатите причини, ние ќе гласаме против понудените заклучоци од Парламентарната група на ВРМО-ДПМНЕ и ЛП и истовремено бараме од директорот на ЕСМ да го има предвид амандманот број 6 од Уставот на Република Македонија за правична застапеност на припадниците на етничките заедници и да не се отпуштаат албанците од ова претпријатие, затоа што и така бројот на албанците во електростопанството е многу мал, или според наши информации е некаде околу 4,7%.

Ние како парламентарна група ќе гласаме против овие заклучоци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Вклучете го системот за гласање.

Гласаа 89 пратеници, за заклужоците гласаа 28.

Констатирам дека предложените заклучоци не се усвоени.

Дневниот ред на оваа седница е исцрпен.

Ја заклучувам 29-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 10,20 часот).